Програма за прекугранична соработка
Интеррег-ИПА Бугарија - Македонија
CCI: 2014TC16I5CB006

# ПРВ ПОВИК ЗА СОБИРАЊЕ НА ПРОЕКТНИ ПРЕДЛОЗИ CCI: 2014TC16I5CB006-2015-1

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006
EUROPEAN UNION

*Информативни денови*
*23-30.10.2015*

# ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА

- **Програмата за прекугранична соработка ИНТЕРРЕГ ИПА** Бугарија – Македонија е одобрена со решение на ЕК No C (2015) 5653 од 5-ти август 2015.

- Програмата се кофинансира од страна на Европската Унија преку **Инструментот за претпристапна помош (ИПА II)** и од **националниот буџет** на двете партнерски држави;

- **Програмскиот документ** е изготвен во рамките на европската стратегија за паметен и одржлив развој заеднички од двете држави во партнерство со национални, регионални и локални заинтересирани лица.

# Структури за управување

Согласно ИПА II Регулативата двете партнерски страни ги имаат воспоставено следните **структури за управување со Програмата:**

- **Управувачки орган (УО) – ГД УПС, МРРБ** - одговара за управувањето и имплементацијата на Програмата во согласност со принципите за добро финансиско управување.
- **Национален партнерски орган (НПО)** – Министерство на локална самоуправа на Р. Македонија – го помага УО во имплементација на Програмата.
- **Заеднички комитет за следење (ЗКС) –** се состои од претставници на УО, НПО, Европската комисија, централната и локална власт, вклучувајќи и граѓански организации и здруженија – го следи квалитетот на имплементација на Програмата, го одобрува Пакетот со документи за аплицирање и е одговорен за изборот на проектите, предложени за финансирање.
- **Заеднички секретаријат (ЗС) – главна канцеларија во Ќустендил и подружница во Струмица – ги** помага УО, НПО и ЗКС во управување со Програмата, организира информациони кампањи и обуки и има улога на helpdesk за корисниците на Програмата.

# Територијален опфат на Програмата

- Територија: **18 087 кв. км**
- Заедничка граница: **165 км**
- Активни Г П-и: **3**
- Население: **980 375 луѓе**
- Дозволена област (NUTS III):




| **Бугарија** | **Македонија** |
| --- | --- |
| Област Ќустендил | Североисточен регион |
| Област Благоевград | Источен регион |
| | Југоисточен регион |

# Стратегиска цел на Програмата

**Заедничката стратешка цел на Програмата е засилување на прекуграничната соработка меѓу луѓето и институциите во регионот со цел заедничко справување со заедничките предизвици и искористување на неискористениот потенцијал за развој на прекуграничниот регион преку ефикасно искористување на ресурсите.**

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

# ПРИОРИТЕТНИ ОСКИ И СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ

## 1 – ЖИВОТНА СРЕДИНА 6 811 592 (35%)

- **Специфична цел 1.1** Заштита на животната средина и одржливо користење на заедничките природни ресурси во прекуграничниот регион
- **Специфична цел 1.2** Спречување и намалување на последиците од природни катастрофи и катастрофи причинети од човечкиот фактор во прекуграничниот регион

## 3 – КОНКУРЕНТНА СПОСОБНОСТ 2 919 253 (15%)

- **Специфична цел 3.1**

Подобрување на конкурентата способноста на бизнисите во регионот

## 4 - ТЕХНИЧКА ПОМОШ 1 946 169 (10%)

(не е предмет на Повикот за поднесување на проекти; насочена е целосно кон помагање на управувањето со Програмата)

## 2 – ТУРИЗАМ 7 784 676 (40%)

- **Специфична цел 2.1** Подобрување на туристичкиот потенцијал на регионот преку иницијативи за соработка со цел подобро зачувување и одржливо користење на природното и културното наследство;
- **Специфична цел 2.2** Подобрување на конкурентната способност на туристичката понуда во прекуграничниот регион;
- **Специфична цел 2.3** Промовирање на соработката меѓу учесниците во областа на одржливиот туризам од регионот.

**Генералниот буџет на Програмата 2014-2020** (ИПП + Нац.кофинан.)
е **€ 19 461 687**

# Финансиски ресурси за Првиот повик

- Првиот повик го вклучува буџетот на Програмата **за 2015, 2016 и 2017 година;**
- Со Повикот ќе бидат финансирани проекти по **Приоритетните оски 1, 2 и 3;**
- Вкупниот заеднички буџет за трите приоритетни оски за 3-те години е **7 240 469 €.**

| Приоритетна оска | Финансирање од ЕУ | Национално кофинансирање | Вкупно (EUR) |
|---|---|---|---|
| | (a) (85%) | (b) (15%) | (a)+(b) = 100% |
| **П1 ЖИВОТНА СРЕДИНА** | 2 393 377 | 422 361 | 2 815 738 |
| **П2 ТУРИЗАМ** | 2 735 288 | 482 698 | 3 217 986 |
| **П3 КОНКУРЕНТНА СПОСОБНОСТ** | 1 025 733 | 181 012 | 1 206 745 |
| **ВКУПНО** | **6 154 398** | **1 086 071** | **7 240 469** |

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

# ПРЕКУГРАНИЧЕН ЕФЕКТ

Секој проект треба да има **директен прекуграничен ефект** и корист за проектните партнери / целните групи / територијата на којашто се спроведува проектот/ територијата на Програмата!

Следните критериуми за соработка треба да бидат **запазени (3):**

- **Заедничка подготовка** – проектот треба да биде подготвен заеднички од партнерите од двете страни на границата;
- **Заедничка имплементација** – активностите треба да се спроведуваат во усогласеност меѓу партнерите и од двете страни на границата;
- **Заедничко раководење** – проектниот тим одговара за спроведувањето на активностите и од двете страни на границата;
- **Заедничко финансирање**– постои еден заеднички буџет на проекта и тој треба да се раздели меѓу партнерите според спроведените активности од секој партнер.

Interreg - IPA CBC
CCI 2014TC16I5CB006

# УСОГЛАСЕНОСТ СО ПРОГРАМСКИТЕ ИНДИКАТОРИ

Ефектот од Програмата ќе биде мерен со посредство на двата вида индикатори:

- индикатори за продукт (output indicators) – количествени индикатори;
- индикатори за резултат (result indicators) – индикатори за квалитет.

Секој проект треба да допринесе за исполнување на барем еден од индикаторите за продукт на Програмата.

Образложението за избор на индикатор, наведената вредност и изворите за проверка се важен дел од оценувањето на предлог проектот.

# ХОРИЗОНТАЛНИ ПРИНЦИПИ

При подготовката на проектните предлози кандидатите треба да се раководат и од хоризонталните принципи:

- **одржлив развој** – начин на балансирано искористување на расположливите ресурси, овозможувајќи нивно зачувување и употреба во иднина;
- **еднакви можности и недискриминација**– активностите не треба да вклучуваат/создаваат никакви ограничувања на основа на пол, раса, етничко потекло, религија, уверувања, нерамнополравна положба, возраст, сексуална ориентација и др.;
- **еднаквост помеѓу мажите и жените** – проектните активности треба да создадат еднакви можности за учество на двата пола во активностите.

# КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

За да може да биде финансиран со Програмата, секој проект треба да одговара на следните три типа критериуми за подобност:

- **Подобност на кандидатите;**
- **Подобност на активностите;**
- **Подобност на трошоците.**

# КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

Следните критерии се кумулативни и треба да бидат исполнети од кандидатите:

- Да бидат **самостојно регистрирани правни лица врз основа на националното законодавство на соодветната држава.** Исклучок се дозволува за структури/подрачни претставништва на локални/регионални/национални органи;
- Да бидат регистрирани во **подобниот прекуграничен регион** на Бугарија или Македонија. Исклучок се дозволува за национални/регионални/јавни органи, чијашто сфера на компетентност, воспоставена со нормативен акт, се простира на избраната област на програмата;
- Да са организации, които **не генерират профит;**
- Да бидат **директно одговорни за подготовката и раководењето** со проектот со своите партнери;

# КРИТЕРИУМИ ЗА ПОДОБНОСТ

- Секој проект треба да има **барем еден партнер од секоја страна на граничниот регион;**
- За секој проект треба да биде определен **Водечки партнер**, избран помеѓу проектните партнери;
- Водечкиот партнер треба да е регистриран **најмалку 12 месеци** пред крајниот рок за поднесување на проекти;
- Партнерите треба да потпишат **Договор за партнерство** помеѓу себе, којшто ги определува нивните права и должности;
- Една организација може да состави **само 2 проекти** – 1 проект како Водечки партнер и 1 како партнер или 2 проекта како партнер;
- Максималниот **број на партнерите** по проектот е **5,** вклучително и Водечкиот партнер.

# ПОДОБНОСТ НА АКТИВНОСТИТЕ

- За да бидат подобни за финансирање, активностите на проектот треба да се реализирани во **подобниот прекуграничен регион** на Бугарија или Македонија.

**Исклучок:** Програмата ќе финансира и активности надвор од подобниот граничен регион **/во рамки до 20% од буџетот на соодветниот проектен партнер/**, при тоа треба да се докаже дека тие активности се неопходни за постигање на резултатите на проектот.

- Проектниот предлог треба да опфаќа **самo една Специфична цел** по соодветната приоритетна оска.

- Сите инвестициски активности треба да се реализираат на **општинска или државна сопственост.**

## ПРИОРИТЕТНА ОСКА 1 ЖИВОТНА СРЕДИНА

### Специфична цел 1.1 Заштита на животната средина и одржливо искористување на заедничките природни ресурси во прекуграничниот регион

**Еколошки инвестиции од мал обем:**

- контрола на загадувањето на воздухот, водата и почвите;
- Собирање и обработка на отпадоци со разделување и подобрување на јавната хигиена;
- подобрување на управувањето на „Натура 2000“ и заштитени природни објекти;
- инвестиции за енергетска ефективност во јавната инфраструктура;
- Конзервација и реставрација на екосистеми и загрозени/заштитени видови;
- Обновување на природните процеси и карактеристики на речните живеалишта.

**Заеднички иницијативи и партнерства, размена на искуства и знаења / меки мерки/:**

- Промоција на заштита на природата, енергетската ефективност и одржливо искористување на природните ресурси;
- подготовка и поднесување на планови за управување на заштитените зони;
- размена на искуства помеѓу институциите во областа на зачувување на природата и спречување на загадувањето;
- Информативни иницијативи и иницијативи за обуки.

## ПРИОРИТЕТНА ОС КА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Специфична цел 1.2 Спречување и намалување на последиците од природните катастрофи и катастрофи причинети од човечкиот фактор**

**Системи за рано предупредување, достава на опрема и инвестиции од мал обем:**

- Изградба на хидротехнички објекти за спречување на поплави;
- Обнова на мочуришта, пошумување, чистење на брегови на реки;
- **Спречување на ризици и реакција** на природни опасности и на последиците од промена на климата, како:

  - достава на специјализирана противпожарна опрема;

  - доставка на специјализирана опрема за контрола на поплави и за **активности** за пронаоѓање и спасување.

**Заеднички иницијативи, стратегии, размена на искуства /меки мерки/:**

- Заеднички потфати за обезбедување на информации за спречување и ограничување на ризици;
- Подготовка на техничка документација за зајакнување на речни корита и капацитети за превенција од поплави;
- Заеднички активности за подобрување на соработката и капацитетот за управување при катастрофи;
- Заеднички иницијативи во областа на квалитетот и управувањето со водите;
- Обуки за управување со вонредни ситуации.

## ПРИОРИТЕТНА ОСКА 2 ТУРИЗАМ

**Специфична цел 2.1 Подобрување на туристичкиот потенцијал на регионa преку иницијативи за соработка со цел подобро зачувување и одржливо искористување на природното и културното наследство**

**Инвестиции од мал обем, ИКТ и ГИС платформи, информативни центри, туристички транспортни шеми:**

- Обновување и одржување на туристички објекти со историско и културно значење;
- Подобрување на пристапот до природни, културни и историски туристички објекти;
- Изградба и/или рехабилитација на туристички атракции, информативни центри, пунктови за информации за посетители;
- Подобрување на јавната инфраструктура (електроснабдување, Водовод и Канализација и др.), поврзана со туристички објекти;
- Создавање на подобности за пристап до или во туристичките објекти за лица со посебни потреби.

## ПРИОРИТЕТНА ОСКА 2 ТУРИЗАМ

### Специфична цел 2.2 Подобрување на конкурентната способност на туристичкиот продукт во прекуграничниот регион

**Заеднички студии, заеднички туристички продукт и услуги за развој и популаризирање, обуки и консултации (меки мерки):**

- Подготовка и спроведување на заеднички тематски маршрути и тематски туристички кластери;
- Развој на нови/алтернативни продукти и услуги за одржлив туризам;
- Заеднички активности, средства и иницијативи за промоција на прекугранични туристички продукти;
- Заедничка изработка и спроведување на планови за развој на туристички активности, нови туристички дестинации и искуства;
- Заеднички иницијативи за подобрување на квалитетот на услугата во туризмот;
- Помагање на нови бизнис иницијативи за искористување на локални карактеристики за создавање на нови туристички продукти и услуги.

## ПРИОРИТЕТНА ОСКА 2 ТУРИЗАМ

### Специфична цел 2.3 Промовирање на соработката меѓу учесниците во областа на одржливиот туризам во регионот

**Заеднички промотивни настани, подигнување на свеста и создавање на мрежи (меки мерки):**

- Создавање на заеднички мрежи за размена на добри практики во управувањето на одржлив туризам;
- Подготовка/примена на заеднички политики, стратегии, обуки и зголемување на капацитетот;
- Организирање на заеднички културни настани за утврдување на културната идентичност на регионот;
- Создавање на мрежи, насочени кон младински иницијативи во пограничната област;
- Кампањи за собирање на информации на сите равништа за прашања, поврзани со одржливо искористување и промоција на нематеријалното културно и природно наследство на регионот.

## ПРИОРИТЕТНА ОСКА 3- КОНКУРЕНТНА СПОСОБНОСТ

### Специфична цел 3.1. Подобрување на конкурентната способност на бизнисот во регионот

**Активности за зголемување на конкурентната способност на претпријатијата (меки мерки):**

- Помагање на заеднички иницијативи за отпочнување на бизниси и самовработување;
- Помагање на социјални предпријатија и социјално претприемништво;
- Промовирање, развој и имплементација на иновации во бизнисот;
- Размена на искуства за иновативни инструменти и продукти и заеднички активности за стимулирање на растот на иновативни производства.

**Активности за јакнење на соработката помеѓу бизнисите (меки мерки):**

- Поддршка за развој на прекугранични бизнис кластери;
- Заеднички иницијативи за промоција на извозот;
- Размена на искуства и добри практики за помагање на економскиот развој на регионот и за промоција на инвестициите;
- Соработка помеѓу бизнисите и научно-образовните институции;
- Зголемување на потенцијалот за врботување на младите, жените и ранливите групи.

# Државна помош

Согласно чл. 107 од договорот за функционирањето на Европската Унија, **државна помош** е секоја помош, дадена од страна на држава–членка или преку ресурсите на државата-членка во каква било форма, која ја нарушува или се заканува да ја наруши конкуренцијата преку поставување во поповолна положба на одредени претпријатија или производство на одредени стоки, влијаејќи на тој начин на трговијата меѓу државите – членки.

Државна помош е присутна, кога се исполнети следните **пет критериуми** :

•Достапност на **јавни средства**;

•Обезбедената мерка дава **економска предност** за претпријатие кое тоа не би добило во друг случај;

•Обезбедената мерка од државата **селективно фаворизира** претпријатија или производство на одредени стоки;

•Помошта ја нарушува или се заканува дека ќе ја **наруши конкуренцијата**;

•Помагањето **влијае врз трговијата** меѓу државите-членки.

# Државна помош

- Јавната помош од Програмата на претпријатија за активности со економски карактер ќе биде обезбедена според правилото "de minimis" - претпријатијата ќе добијат помош, само ако не добиле јавни средства во вкупна вредност од над 200 000 евра во рок од три финансиски години од датумот на доставување на помош или до 100 000 евра во сообраќајниот сектор;
- Бугарските кандидати са должни да декларират, дека сите одредби, кои се однесуваат на државна помош и правилото „de minimis“ се почитуваат во секоја активност/ т.1.4 од Насоките за аплицирање/;
- Почитувањето на условите е предмет на проверка од програмските органи во пред-договорната фаза и во фаза на имплементација на проектите.

**Од македонските кандидати не се бара да доставуваат декларации или какви било документи, поврзани со државна помош, и треба да ги почитуваат соодветните национални одредби кои се однесуваат на државната помош.**

# Типови на проекти

**Два типа** на проекти ќе бидат финансирани со Првиот повик за доставување на проектни предлози:

- **Меки мерки –** проекти, кои се ориентирани главно кон изготвување на студии, создавање на мрежи, спроведување на обуки, изработка на концепти, достава на услуги за определени целни групи;

- **Инвестициски проекти –** проекти, кои предвидуваат градежни активности (изградба, реконструкција, рехабилитација, обновување и.т.н.) и/или купување на опрема, кои формираат **најмалко 70%** од заедничките подобни трошоци за целиотпроект.

# Времетраење и обем на финансирање на проектите

| Приоритетни оски | Специфична цел | Вид проект | Размер на финансирање (€) | Рок на имплементација (месеци) |
|---|---|---|---|---|
| Приоритетна ос ка 1 ЖИВОТНА СРЕДИНА | 1.1. Заштита на животната средина и одржливо користење на заедничките природни ресурси во прекуграничниот регион | Меки мерки | 50 000-120 000 | 8-15 |
| | | Инвестициски | 100 000- 400 000 | 12-24 |
| | 1.2. Спречување и намалување на последиците од природни катастрофи и катастрофи причинети од човечкиот фактор во прекуграничниот регион | Меки мерки | 50 000-120 000 | 8-15 |
| | | Инвестициски | 100 000- 400 000 | 12-24 |
| Приоритетна оска 2 ТУРИЗАМ | 2.1 Подобрување на туристичкиот потенцијал на регионот преку иницијативи за соработка со цел по-добро зачувување и одржливо користење на природното и културното наследство; | Инвестициски | 100 000-500 000 | 12-24 |
| | 2.2 Подобрување на конкурентната способност на туристичката понуда во прекуграничниот регион; | Меки мерки | 50 000-120 000 | 8-15 |
| | 2.3 Промовирање на соработката меѓу учесниците во областа на одржливиот туризам од регионот. | Меки мерки | 50 000-120 000 | 8-15 |
| Приоритетна оска 3 КОНКУРЕНТНА СПОСОБНОСТ | 3.1 Подобрување на конкурентата способноста на бизнисите во регионот | Меки мерки | 50 000-120 000 | 8-15 |

# Пакет за аплицирање

**Формулар за аплицирање** – **1 оригинал и 1 електронска форма**

- Дел I – Информација за кандидатите
- Дел II – Информација за проектот
- Дел III – Буџетни таблици

Следните документи се вклучени во Формуларот за аплицирање:

- Декларација за партнерство и кофинансирање
- Декларација за подобност и ангажирање
- Резиме на проектот

# Прилози кон Формуларот за аплицирање

## Прилози А

**А1. Контролен лист на доставените документи**

**А2. Договор за партнерство**

**А3. Декларација за државна помош “de minimis”** /нов формат/ само за БГ партнери

**Прилози В** **Доказни документи** - тековна состојба, решение на раководниот орган на кандидатот, право на сопственост /концесија на теренот и/или објектот во случај на градежни активности, одобрен архитектонски проект, техничка спецификација в случај на набавки и. т.н.

**Прилози С** **Договор за помош** (за информација)

**Сите прилози треба да бидат доставени во 1 оригинал и 1 електронска форма.**

# Предавање на проектните предлози

**Како:**

- ✓ Пакетот за аплицирање е достапен online;
- ✓ Апликантите можат да поставуваат прашања во писмена форма до 21 календарски ден пред крајниот рок, а одговорите ќе бидат објавени не подоцна од 11 календарски дена пред крајниот рок за доставување на предлозите;
- ✓ Делот "Како да го пополните Формуларот за аплицирање и неговите прилози" во Насоките за аплицирање – инструкции за подготовка на Пакетот за аплицирање чекор по чекор .

**Каде:**

**САМО** во канцеларијата на **Заедничкиот секретаријат во Ќустендил**

ул. „Марин Дринов" бр. 7,

2500 Ќустендил, Бугарија

**Кога:**

**Крајниот рок** за Првиот повик е **25.01.2016- 16.00 (локално време).**

# Оценка на проектните предлози

Критериумите за оценка и избор на проектите са вклучени во табелите за оценување во Насоките за аплицирање, одобрени од Заедничкиот комитет за следење.

Оценката на проектните предлози е разделена во **три етапа:**

- **Отварање на проектните предлози;**
- **Проверка на административната соодветност и подобност;**
- **Техничка оценка и оценка на квалитетот.**

За да биде предложен за финансирање, даден проект треба да одговара на сите критериуми за административна соодветност и подобност и да добие **најмалку 65 поени** на техничката оценка и оценка на квалитетот.

Проектните предлози се **рангираат во опаѓачки редослед** за секоја приоритетна оска.

ЗКС ги одобрува списоците на проекти за финансирање (до исцрпување на расположливото финансирање по секоја приоритетна оска); список со резерви; список со отфрлените проекти.

# Проверка за административна соодветност и за подобност

- **Критериуми за административна соодветност:**

*Барања како: крајниот рок да биде испочитуван; Формуларот за аплицирање, апликациите и придружните документи да бидат пополнети правилно и претставени во согласност со барањата - потпишани и со печат и др.*

- **Критериуми за подобност:**

*Специфични барања како: Најмалку еден партнер од секоја страна на прекуграничниот регион; Учество на организација во не повеќе од еден проектен предлог како Водечки партнер и во не повеќе од 2 вкупно; сите партнери се подобни организации; Водечкиот партнер е регистриран најмалку 12 месеци пред крајниот рок; Рокот за извршување не надминува максималното времетраење на проектот за одредена цел и видот на проектот; Големината на прифатливи трошоци е во согласност со ограничувањата за соодветната специфична цел и видот на проектот, буџетските прагови / ограничувања се исполнети, и.т.н.*

# Техничка оценка и оценка на квалитет

Оваа оценка дава можност **квалитетот на проектните предлози** да биде оценет согласно на поставените цели и приоритети и гарантира, дека избраните проекти одговараат на специфичните цели на програмата, и осигуруваат популаризација на Европското финансирање.

Техничка оценка и оценка на квалитет ќе се извршува врз основа на конкретни критериуми за избор, објавени во Насоките за аплицирање, коишто се групирани во четири основни секции во табелата за оценка (макс. Вкупно 100 поени):

- **Дел I: Капацитет за управување** – макс. 20 поени
- **Дел II: Контекст на проектот и соодветност со програмата и други стратегии** – макс. 25 поени
- **Раздел III: Методологија** – макс. 35 поени
- **Раздел IV: Буџет –** макс. 20 поени

# Процедура за поднесување жалба

Во случај на несогласување со резултатот од оценката, секој Водечки партнер може да ја обжали одлуката на Заедничкиот комитет за следење.

**Етапи на процедурата за поднесување на жалба:**

- Водечкиот партнер треба да ги побара официјално од УО табелите за оценка **не покасно од 5 работни дена** откако бил официјално известен за резултатите од изборот на проекти;
- Водечкиот партнер може официјално да поднесе жалба **не покасно од 3 работни дена** по добивање на табелите за оценка од УО;

Целосната документација се доставува единствено со цел помагање на жалбата и не може во никој случај да го промени квалитетот или содржината на оценетиот проектен предлог.

- Целата процедура за обжалување – од официјалното добивање на жалбата од страна на УО до официјалното соопштение на крајното решение на ЗКС е **90 календарски денови.**

# Договарање

- Проект на **Договор за помош** - прилог C кон Насоките за аплицирање;

- **Договор за помош** – се потпишува меѓу Управувачкиот орган и Водечкиот партнер на проектот;

- **Договор за македонско национално кофинансирање -** се подпишува помеѓу македонскиот/те партнер/и и Националниот партнерски орган /Министерството за локална самоуправа на Р Македонија/.

- Пред подпишување на договорот УО има право да изврши **преговори за ревизија на буџетот** (ако е неопходно), како и **посета на место на сите инвестициски проектни предлози.**

Програма за прекугранична соработка
Интеррег-ИПА Бугарија - Македонија
CCI: 2014TC16I5CB006

# Благодариме за вниманието!

## ГД "Управување на територијалната соработка"

## Министерство на регионален развој и јавни работи

Маргарита Велчева
MVelcheva@mrrb.government.bg
Tel.:  +359 2 9405 375

Јордан Тенев
JoTenev@mrrb.government.bg
Tel.: +359 2 9405 375

*Програмата е кофинансирана од ЕУ.*